РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4166/1
29.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**До:** **ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Седми седумдневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврската од Изборниот законик (член 76-в став 2) и Меморандумот што нашите институции го склучија на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги доставува седми седумдневен извештај за Локалните избори 2025 година, кој го опфаќа периодот од 22 до 28 септември 2025 година.

На 24 септември, Советот на Агенцијата усвои Нацрт - упатство за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година кое ги појаснува обврските на комерцијалните радиодифузери при распределбата на времето за платено политичко рекламирање (ППР) и при означувањето на нарачателот на рекламирањето; на Јавниот радиодифузен сервис при распределбата на времето во вестите; на Собранискиот канал при распределбата на бесплатното политичко претставување, како и обврската на телевизиите на државно ниво за обезбедување пристапност на информациите за изборниот процес за лицата со попреченост.

Пред да го изработи овој акт, Агенцијата имаше повеќе консултации со Државната изборна комисија, Државната комисија за спречување корупција и со Државниот завод за ревизија, како институции кои имаат надлежности поврзани со изборите. За констатираните непрецизности во Изборниот законик кои влијаат на распределбата на времето за ППР кај радиодифузерите и на исплата на буџетските средства за ППР од страна на ДИК, четирите институции упатија и заеднички допис до Собранието на РСМ на 16 септември 2025 година.

За нацрт-документот беше отворена јавна консултација, која поради кусите рокови траеше еден ден. Предлози и мислења доставија ТВ Сител и Политичка партија Левица, кои не беа прифатени бидејќи или беа надвор од Изборниот законик, или се косеа со она што досега го покажала практиката на Агенцијата во претходните изборни процеси.

На 26 септември, Советот на Агенцијата го усвои Упатството за радиодифузерите за Локалните избори 2025 година кое, истиот ден, им беше доставено на сите радиодифузери по електронска пошта и е достапно на веб страницата на Агенцијата во посебниот банер за Локалните избори 2025.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**